**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 20.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6628 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово

3. **Период опфатен со надзорот:** 16 ноември 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 декември 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   **- Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
   (Информации достапни за корисниците)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 11.08.2016 година, за непочитување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата, донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-427, 11.08.2016 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (11.08.2016 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, емитуван на 16 ноември 2016 година, на локално ниво (Општина Куманово, Општина Липково и Општина Старо Нагоричане), е констатирано дека радиодифузерот, **<u>во целост постапил по решението</u>** за изрекување мерка-опомена, односно ја отстранил извршената повреда на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. Опис на прекршувањето: /

9. Предлог мерка: /

*Сектор за програмски работи*